# СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222
# (бесплатна линија)
# Јануари-Јули 2011та година

1. **Децата се незаштитени и постојано изложени на насилство и злоупотреба претежно од страна на возрасни лица.**
2. **Најголемиот број на пријави се однесуваат на проблеми во семејството (18,18%) каде се нарушени семејните односи и релации.**
3. **Децата молчат и трпат насилство. Тие ретко го пријавуваат насилството бидејќи се плашат. Оние кои се јавуваат се возрасни лица блиски на семејството, сведоци на агресијата на која се изложени децата.**
4. **Само 8 деца жртви на насилство имале храброст и сами го пријавиле насилството.**

## 1. Краток опис на досегашната работа на СОС телефонот за деца и млади

СОС телефонот за деца и млади функционира веќе 19 години ( од октомври 1993 година) и на него се регистрирани повеќе од 18.000 повици. Детскиот СОС телефон претставува служба за директна помош и поддршка на децата, младите и нивните семејства. Со само еден телефонски повик децата може да добијат помош и информации, стручен совет, психо-социјална поддршка или едноставно да разговораат за проблемите со кои се соочуваат.

Принципот на работа на СОС телефонот се состои во разговори со јавувачот за проблеми при што нашите оператори не нудат готови решенија за проблемот. Се разговара за можни алтернативи за решавање за проблемот за кој се јавиле на СОС телефонот, се помага на јавувачот сам да успее да дојде до решението на проблемот.

На бесплатниот СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 работат стручни лица – педагог, психолог, социјален работник и правник, а во активностите се вклучени и волонтери, кои најчесто се студенти и дипломирани лица од факултетите по педагогија, психологија, правни студии и Институтот за социјална работа. Овие лица први ги остваруваат разговорите и контактите со јавувачите и истите се во постојана координација и менторство со Координаторот и Ко-

координаторот на СОС телефонот за деца и млади и останатите служби за директна помош при Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

**СОС телефонот низ бројки, во текот на своето 19 годишно функционирање**

| година | број на повици | Пол на јавувачот | | Возраст на јавувачот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | до 12 години | 13-18 години | над 18 години |
| 1993-1994 | **3769** | 537 | 2496 | 471 | 2192 | 370 |
| 1994-1995 | **4609** | 136 | 2474 | 339 | 2088 | 183 |
| 1995-1996 | **990** | 88 | 328 | 22 | 279 | 115 |
| 1996-1997 | **1294** | 108 | 598 | 46 | 469 | 191 |
| 1997-1998 | **1200** | 107 | 399 | 59 | 279 | 168 |
| 1998-1999 | **1250** | 62 | 259 | 14 | 202 | 105 |
| 1999-2000 | **1000** | 92 | 184 | 11 | 113 | 152 |
| **Вкупно** | **14112** | | | | | |

**Табела1а. СОС телефонот низ бројки, во периодот 1993-2000:**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2000-2001 | **143** | 29 | 114 | 43 | 46 | 54 |
| 2001-2001 | **77** | 19 | 58 | 0 | 18 | 59 |
| 2002-2003 | **324** | 77 | 247 | 12 | 103 | 209 |
| 2003-2004 | **414** | 98 | 316 | 43 | 117 | 254 |
| 2004-2005 | **912** | 320 | 592 | 198 | 225 | 489 |
| 2005-2006 | **704** | 190 | 154 | / | / | / |
| 2006-2007 | **361** | / | / | / | / | / |
| 2007-2008 | **360** | / | / | / | / | / |
| 2008-2009 | **377** | 128 | 231 | 6 | 18 | 353 |
| 2009-2010 | **239** | 163 | 205 | 5 | 16 | 208 |
| 01.01. – 31.07.2011 | **106** | 36 | 53 | 3 | 5 | 85 |
| **Вкупно** | **4017** | | | | | |

**Табела 1б) СОС телефонот низ бројки, во периодот 2001 -2011**

## 2. Податоци за јавувачите

**Табела 2. возраста на јавувачите**

| | до 12 години | 12 -18 години | возрасен | правно лице | медиум | непознато | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **јануари** | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 | 3 | **12** |
| **февруари** | 0 | 4 | 15 | 0 | 0 | 2 | **21** |
| **март** | 1 | 0 | 17 | 0 | 0 | 0 | **18** |
| **април** | 1 | 1 | 13 | 0 | 1 | 2 | **18** |
| **мај** | 1 | 0 | 9 | 0 | 0 | 1 | **11** |
| **јуни** | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 3 | **15** |
| **јули** | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 1 | **11** |
| **вкупно** | **3** | **5** | **85** | **0** | **1** | **12** | **106** |
| **%** | **2,83%** | **4,72%** | **80,19%** | **0** | **0,94%** | **11,32%** | **100%** |

Во првите 7 месеци од 2011 година продолжува трендот на пријавување на случаите на прекршување на правата на децата од страна на возрасни лица. Децата сеуште молчат и се плашат да го пријават насилството. Децата не се чувствуваат сигурни, за да пријават насилство особено кога тоа се случува во домот и е од страна на двајцата родители/или пак едниот родител нема разбирање и смета дека во ред е децата бидата тепани. Често се случува децата да пријават насилтво и подоцна да бидат предомислени од страна на другиот родител.

### 2.1 Дојави од страна на деца

Од вкупно 8 пријави од страна на деца, 3 се однесуваат на семејно насилство, 3 за институционална злоупотреба, 2 за проблеми во комуникација.

### 2.2 Дојави според етничката припадност на јавувачите

Според етничката припадност најголем број јавувачи или 72 се Македонци, потоа Роми- 8 јавувачи, Албанци -7 јавувачи, 5 јавувачи се од другите етнички заедници кои живеат во Република Македонија и за 14 од јавувачите не ни била позната етничката припадност.

### 2.3 Дојави според средината на живеење на јавувачите

Според средината на живеење на јавувачите, најголем процент или 72 дојави се на јавувачи од урбана средина, 15 од јавувачите живееат во рурална средина и за 19 јавувачи не ни била позната средината. Овие податоци можат да говорат дека децата и возрасните кои живеат во руралните места во помал процент се информирани за своите права и начинот на пријавување доколку некое нивно право е прекрешено.

## <u>3. Начини на дојава</u>

Најголемиот дел од контактите и пријавите и во периодот од Јануари-Јули 2011 година како и до сега, беа остварени преку бесплатниот СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222 со 73 пријави 68,87% од вкупниот број добиени пријави.

Во 18 случаи или 16,98% граѓаните се обраќаа за помош, поддршка и информации со директни посети во СОС службата на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, по електронска пошта беа пријавени 13 случаи или 12,26% и 2 случаи или 1,89% од вкупниот број беа дојави по пошта.

Во првата половина од 2011 година, повиците добиени на СОС телефонот и посетите во СОС службата, беа во далеку поголем број, бидејќи за стручните советувања и за следењето на случаите потребно е остварување на повеќе контакти, со што бројот на остварени средби и разговори е далеку поголем.

**Табела 3.**

**Начини на дојава на случаи јануари-јули 2011 година**

| | **СОС телефон** | **електронска пошта** | **пошта** | **посета во Меѓаши** | **Вкупен број на случаи по месеци** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 6 | 3 | 0 | 3 | **12** |
| **Февруари** | 18 | 1 | 1 | 1 | **21** |
| **Март** | 11 | 2 | 0 | 5 | **18** |
| **Април** | 15 | 1 | 0 | 2 | **18** |
| **Мај** | 7 | 0 | 0 | 4 | **11** |
| **Јуни** | 9 | 2 | 1 | 3 | **15** |
| **Јули** | 7 | 4 | 0 | 0 | **11** |
| **Вкупно** | **73** | **13** | **2** | **18** | **106** |
| **%** | **68,87%** | **12,26%** | **1,89%** | **16,98%** | **100%** |

## 5. Категории на проблеми

**табела 4**

| Категории на проблеми и пол на јавувачите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Машко | Женско | Непознато | Вкупно | % |
| **Семејно насилство** | 4 | 11 | 5 | **20** | **18,88%** |
| **Бракоразводни постапки** | 10 | 5 | 2 | **17** | **16,04%** |
| **Матријална и финансиска подршка** | 4 | 5 | 0 | **9** | **8,49%** |
| **Насилство во воспитно-образовни институции** | 1 | 4 | 2 | **7** | **6,60%** |
| **Насилство од страна возрасни** | 2 | 2 | 1 | **5** | **4,72%** |
| **Институционална злоупотреба** | 2 | 2 | 1 | **5** | **4,72%** |
| **Информации за детски права** | 0 | 4 | 0 | **4** | **3,77%** |
| **Сексуална злоупотреба** | 0 | 2 | 1 | **3** | **2,83%** |
| **Љубовна врска малолетник-возрасен** | 1 | 2 | 0 | **3** | **2,83%** |
| **Питачење** | 0 | 2 | 1 | **3** | **2.83%** |
| **Проблеми во комуникација** | 2 | 2 | 0 | **4** | **3,77%** |
| **Деца чии семејства се во социјален ризик** | 1 | 0 | 1 | **2** | **1,89%** |
| **Малолетничка. деликвенција** | 0 | 1 | 1 | **2** | **1,89%** |
| **Насилство на улица** | 1 | 0 | 0 | **1** | **0,94%** |
| **Злоупотреба од страна на медиум** | 0 | 1 | 0 | **1** | **0,94%** |
| **Проблеми со посвојување** | 1 | 0 | 0 | **1** | **0,94%** |
| **Здравствени проблеми** | 0 | 1 | 0 | **1** | **0,94%** |
| **Правни совети** | 1 | 1 | 0 | **2** | **1,89%** |
| **Стручни психолошки консултации** | 2 | 2 | 0 | **4** | **3,77%** |
| **Друго** | 4 | 6 | 2 | **12** | **11,32%** |
| **Вкупно** | **36** | **53** | **17** | **106** | **100%** |
| **%** | **33,96%** | **50%** | **16,04%** | **100%** | **100%** |

Во првите 7 месеци од 2011 година 18,88% или 20 случаи од вкупниот број на пријави се однесуваат на семејно насилство. Од нив 60 % или 12 случаи се однесуваат на физичко насилство, 25% или 5 случаи се однесуваат на психичко насилство и 15% или 3 случаи се за негрижа врз дете.

За проблемите со прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки во овој период имаме 17 дојави или 16,04% од кој 8 се однесуваат на проблеми при доделување на старателтво или 47,06%, проблеми на видување на родител со дете, 5 пријавени случаи или 29,41%, проблеми со алиментација 3 или 17,65% и 1 случај на проблеми со докажување на татковство или 5,88%. Барање на финасиска и материјална помош 9 случаи или 8,49%.

Кога станува збор за насилство во воспитно-образовни институции пријавени се 7 случаи или 6,60% од кои 3 случаи се однесуваат за физичко насилство на реација ученик-ученик или 50%, 2 случаи се однесуваат на поплака за негрижа кон ученици или 33,34% и 2 случаи за психичко насилство на релација наставник-ученик или 33,34%.

Деца жртви на насилство од страна на возрасни е евидентирано во 5 случаи или 4,72% од кои 4 или 80% се однесуваат на физичко насилство и 1 случај или 20% на психичко насилство од страна на непознати возрасни. За институционална злоупотреба има вкупно пријавени 5 случаи или 4,72%. Информации за детски права и детска заштита биле побарани во 4 случаи или 3,77%. Сексуална злоупотреба 3 пријавени случаи или 2,83%. Љубовна врска малолетник возрасен 3 случаи или 2,83%. Дојави за деца кои питачат 3 случаи или 2,83%. Проблеми во комуникација 2 случаи или 1,87%. Деца чии семејства се во социјален ризик вкупно 2 случаи или 1,87%. Злоупотреба од страна на медиум 1 случај или 0, 94%. Здравствени проблеми во еден случај или 0,94%. Стручни совети и консултации 4 случај или 3,77%. Проблеми со посвојување 1 случај или 0,94%. Правни совети 1 случај 0,94% и 12 случаи кои се пријавени меѓутоа не се опфатени со ниедна од овие категории и проблеми или 11,32%.

## 5. Категории на проблеми за кои најчесто не контактираат граѓаните

### 5.1 Семејно насилство

Во однос на случаите за кои најмногу не контактираа граѓаните, најголемиот број на пријави вкупно 20 се однесуваат за семејно насилство. Иако Република Македонија донесе промени во Законот за семејство во кој строго се забранува било која форма на насилство во домот, сепак семејното насилство е главен проблем на граѓаните во нашата држава. Децата се најголемите жртви и за жал тие се неми сведоци на секојдневните случувања. Насилството во домот најчесто е

поврзано со конзумирање на алкохол. Имаме дојави каде што двајцата родители се зависници од алкохол и секојдневно ги малтретираат своите деца.

### <u>5.2 Бракоразводни постапки</u>

Вкупно17 дојави се однесуваа на проблеми поврзани со кршења на правата на детето при бракоразводни постапки. Тоа најчесто се проблеми поврзани со доделување на старателство, а при тоа не се зема предвид мислењето на детето со кој родител сака да живее. Регираме и кога има проблеми поврзани со остварување на правото на видување со децата и со остварување на родителското право, остварување на правото на алиментација, но и јавувања поврзани со промени во психичката состојба на децата во периоди на развод и нарушена комуникација со своите родители.

Овие состојби покажуваат дека бракоразводите во Република Македонија се во пораст, а децата во најголем број од овие ситуации се директи сведоци на нарушената комуникација на своите родители, но и жртви во овие постапки. Во голем дел од пријавените случаи, забележана е злоупотреба на детската личност и кршење на правата на детето од страна на едниот или другиот родител, кои не секогаш при вакви ситуации ги земаат предвид детските мислења, потреби и интереси. Најчесто на децата не им е јасно како е возможно да не се почитува нивното мислење и особено често го поставуват прашањето Зошто институциите ги присилуваат да остваруваат контакт со лицето кои им предизвикало болка? Целата таа ситуација ги прави бесни, гневни. Тие не веруаат повеќе на никого, го обвинуваат и другиот родител дека не ги штити, ги обвинуваат институциите кои ги притискаат да остваруваат видување. Стучните служби во институциите треба да ја препознаат моментната состојба, да работат со родителите на подобрување на комуникација со децата, на себе прифаќање, со цел да се почуствуваат сигурно и заштитено. Да знаат дека за насилството не се молчи и има кој да ги заштити. Голема е веројатнота овие деца да биле сведоци или жртви на било која форма на насилство и истото да го премолчуваат, или пак самите да станат насилни бидејќи незнаат на друг начин да се соочат со состојбата во која не по нивна вина се затекнале. Децата во текот на бракоразводните постапки се случува да се манипулирани од страна на сопствените родители. Родителите во жебата за моќ и доминантност, сакајќи да го повредат партнерот со кого решиле повеќе да не се заедно, ги повредуваат своите деца. Тие не комуницираат со своите деца, сметаат дека матријалните добра и финасиската безбедност се доволни. Забораваат на љубовта, нежноста и заедничките моменти. Забораваат дека детското внимание не се купува.

### <u>5.3 Материјална и финасиска помош</u>

Трето рангирани се проблемите поврзани со обезбедување на основни матријални и финансиски средства. Во 9 случаи во текот на првите 7 месеци од 2011 граѓаните побарале да им се помогне во обезбедувањето на основните средства за егзистенција. Некои од овие граѓани не го остваруваат правото на парична помош од државата. Тие се принудени во борбата со сиромаштијата да не им обрнуваат секогаш доволно внимание на сопствените деца. Децата пак гледајќи ја ова ситуација сметаат дека тие се должни да му помогнат на смејството, дека

мораат да заработуваат и егзистенцијата ја обезбедуваат најчесто со препродавање најразлични ситнуриии, собираат пластика, хартија и така натаму. Во некои случаи питачат и со тоа се зголемува можноста да станат жртви на најтешки форми на злоупотреба. Овие деца иако имаат желба да се образуваат и да имаат детство како своите врсници, сиромаштијата ги прави да се чувствуват инфериорно и различни од другите деца. Најчесто мислат дека немаа избор и дека нивната судбина е гола борба за егзистенција.

## 5.4 Насилство во воспитно образовни иституции и негрижа за учениците

Насилството кое се случува во воспитно образовните институции како и негрижата и несоодветното постапување во училиштата и градинките се застапени со 6,60% од вкупниот број на пријавени случаи. Најчесто граѓаните не информираат за несоодветно постапување во училиштата и градинките од страна на вработените како и непедагошкиот однос од страна на истите. Од вкупно 6 дојави, 3 се однесуваат на негрижа кон учениците, несоодветно постапување од страна на стручните служби во училиштата. Две од добиените дојави се однесуваа на физичко насилство на релација ученик/ученик додека 1 дојава се однесува на психичко насилство на релација наставник/ученик.

Овој податок е одреден показател дека мора да се преземат мерки и да се врши редовен надзор врз работата на училиштата

## 6. Постапувања на бесплатна правна служба

Во зависност од видот на проблемот за кои ни се обраќаат јавувачите, паралелно со СОС службата функционира и бесплатната правна служба. Истата постапува со писмени обраќања до различни државни и социјални институции, ги следи постапките кои ги преземаат овие институции и реагира доколку не постапуваат по најдобар интерес на децата.

**Во периодот од Јануари до Јули 2011 година, бесплатната правна служба постапуваше со 75 писмени обраќања** до соодветните институции и во сите случаи баравме заштита на децата, нивните права и интереси. Најголемиот дел од писмените обраќања, вкупно 27, беа упатени до Народниот Првобранител, 21 до Центрите за социјална работа, со секретаријатите при Министерсвото за внатрешни работи за 16 случаи, надлежните министерства за 8 случаи, и со Локалната самоуправа 3 случаи со писмени претставки.

Од надлежните институции секогаш бараме да не информираат за мерките и активностите кои ќе бидат преземени од нивна страна, за да може активно да го следиме случајот и повторно да реагираме доколку е потребно.

На овој начин Детската амбасада Меѓаши врши и мониторинг врз институциите за нивна поголема ангажираност и брза реакција во решавањето на проблемот, се со цел најдобра заштита на децата.
Во дел од своите обраќања до надлежните институции, правната служба се повикува на одредени меѓународни документи и национални закони во кои се наведени правата на децата, начинот на нивно остварување како и механизмите на нивна заштита. Првенствено се повикуваме и ја следиме имплемантацијата на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите Нации и двата Факулатативни протоколи кон оваа Конвенција, потоа Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба, Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот за најлошите форми на детски труд и низа други меѓународни и национални стандарди за правата на децата.

Нашата пракса покажува дека надлежните институции при своето работење многу малку се повикуваат или воопшто не ја користат Конвенцијата за правата на детето и даваат објаснување дека не може директно да ја применуваат, иако во случај на колизија меѓународните конвенции се во супериорна позиција во однос на националните закони.

**Табела 5.**

**Писмени обраќања по однос на дојавени случаи**[1]

| | Народен правобранител | ЦСР | СВР | Минис-терства | Локална самоуправ а | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Семејно насилство** | 16 | 6 | 8 | 1 | 0 | **31** |
| **Бракоразводни постапки** | 0 | 8 | 1 | 1 | 0 | **10** |
| **Насилство во воспитно-образовни институции** | 6 | 0 | 0 | 4 | 3 | **13** |
| **Насилство од страна возрасни** | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | **2** |
| **Институционала злоупотреба** | 3 | 1 | 0 | 1 | 0 | **4** |
| **Сексуална злоупотреба** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| **Љубовна врска малолетник-возрасен** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | **2** |
| **Питачење** | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | **4** |
| **Деца чии семејства се во социјален ризик** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Малолетничка. деликвенција** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Насилство на улица** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| **Злоупотреба од страна на медиум** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| **Друго** | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | **3** |
| **Вкупно** | **27** | **21** | **16** | **8** | **3** | **75** |
| **%** | **36%** | **28%** | **21,33%** | **10,67%** | **4%** | **100%** |

[1] Беплатна правана служба се обрати со 75 писмени претставки до соодветните Државни интитуции за 39 случаи.

## 7. Конкретни примери

**Пример 1.**

Имено во текот на 2011 година добивме дојава од возрасно лице кое сакаше да не информира за состојбата во која се наоѓа 9 годишно дете. Родителите на детето веќе подолго време се разведени. Родителот кој нема старателсво не пројавил никава желба да стапи во контакт со сопственото дете. Дури во 2010 за првпат изразил желба да го види, при што со меѓусебен договор на родителите детето една недела требало да биде со другиот родител. После изминувањето на договореното време за видување родителот кој не е старател решил дека детето ќе остане со него. Иако не е во состојба да се грижи, и има историја на асоцијално, промискуитетно однесување и е долгогодишен корисник на опојни сретсва родителот цела година не водел грижа за детето, било затворено само дома, гладно, цела година непосетувало училиште. Постојано во текот на таа година детето живеело во страв и било занемарувано и злоставувано. Родителот и роднините кои го имале правото на грижа, заштита и воспитување на детето се упатиле до Центрите за социјална работа и до Секретријатот за внатрешни работи со цел да го да си го земат детето и да го заштитат, нивните барања и рекации не биле сериозно земени предвид. Училиштето во кое детето било запишано, правело напори и ги информирало соодветните Центри за социјална работа, имале обид за домашна посета за да се увидат причините за непосетувањето на училиште, но немало некаков резултат. Родителот или не бил дома или не ја одварал врата. Центрите на социјална работа во неможноста да ја утврдат својата надлежност и закоченоста на администатривниот лавирин цела година го оставиле детето незаштитено. Иако имале информација дека тоа дете живее со насилник.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши писмено се обрати до ЦСР-Гевгелија, ЦСР-Срумица, ЦСР-Скопје, СВР-Гевгелија, Народниот Правобранител, Социјалната инспекција на Министерството за труд и социјална работа и Државниот просветен инспекторат.

Одговор добивеме и телефонски контактиравме со ЦСР-Гевгелија кои не информираа дека тие испратиле писмено барање до ЦСР-Струмица, ЦСР-Скопје не добиле одговор. Тие беа информирани за состојбата во која се наоѓа детето како и за однесувањето на родителот, меѓутоа неможеле да превземат одредени активности без присуство на полиција бидејќи станува збор за насилно лице.
Од СВР-Гевгелија не информираа дека тие неможат да реагираат додека недобијат решение од Центарот за социјална работа. Со ЦСР-Скопје и ЦСР-Струмица неможевме да стапиме во контакт. Во текот на Март месец 2011 година телефонски не контактираа од ЦСР-Гевгелија да не информираат дека детето е земено од насилниот родител и предадено на родителот/роднините кои го имаат старателството.

Неефикаснота на државните институции, неможноста за утврдување на надлежност на Центрите за социјална работа го доведе во прашање оптималниот раст и развој на детето. Прекршени се основните детски права на образование, здравтсвена заштита, оптимален раст и развој. Детето е истрауматизирано, исплашено од насилството и негрижата на која било изложено цела година. Една година ова детето било препуштено на судбината.

**Пример 2.**

Во текот на 2011 година на СОС телефонот за деца и млади се јави вознемирено и раплакано дете. Тоа сакаше веднаш да пријави семејно насилство од страна на родители и не молеше за помош бидејќи неможело повеќе да издржи. Детето не информираше дека неговите родители постојано физички и психички ги малтретираат него и неговите братчиња и сестричиња. Неколку пати ги има видено како родителите водат љубов и ги замолило тоа да не го прават пред него. Не замоли да им се јавиме на родителите и да ги замолиме да престанат да ги тепаат. Детето беше видно вознемирено не информираше дека наставничката го упатила кај нас. Се закануваше дека ќе си го одземе животот бидејќи не сака повеќе да живее со своите родители, туку со бабата и дегото кои се грижат и го почитуваат. Најпрво разговаравме со детето и се обидовме да го смириме, откако престана да плаче го замоливме да ни даде да разговараме со некој возрасен на кој му верува. Веднаш стапивме во контакт со дедото и бабата кои ги потврдија кажувањата на детето и не информираа дека нивниот син и снаа имаат проблем со алкохолот, се агресивни и дека кога се под дејство на алкохол неможејќи да ги контролитрат своите страсти водат љубов насекаде во куќата.. Им ја објаснивме постапката и институциите кои треба да се информираат им понудивме психолошка помош и подрша за нивното внуче.

Поради специфичност на случајот веднаш телефонски ја информиравме соодветната полициска станица и во разговорот со инспектор за малолетниции изнаоѓавме најсоодветена начин да се згрижат децата, потоа и писмено се обративме. Потоа го информиравме соодветниот центар за социјални работи. Телефонски неколку пати разговаравме со наставничката и психологот во училиштето, со цел да се понуди психолошка помош на детето.

Од соодветниот Меѓуопштински центар за социјална работа не информираа дека е донесено стручните служби направиле увид во семејството, и врз основа на фактичката ситуација донеле решение за надзор на вршење на родителско право.

## 8. Финасиска одржливост на СОС телефонот за деца и млади

## 0800 1 22 22

СОС телефонот за деца и млади 0800 12222 како служба за директна помош и поддршка на децата и служба од јавен интерес се уште не е финансиски поддржана од страна на државата. СОС телефоните во повеќето европски држави се третираат како јавен интерес и се сметаат како потреба на граѓаните и државите ја преземаат обврската за нивната финансиска оддржливост.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши се обиде да обезбеди финасиска одржливост со потикнување на бизнис секторот за поголема социјална одговорност, продажба на новогодишни честитки и со донација на граѓаните во касичките поставени на повеќе локации во Републиката. Сепак овие средства не се доволни и неопходна е финасиска помош и подршка од страна на Владата на Република Македонија.

За таа цел и со намера да обезбедиме континиутет и одржливост на СОС телефонот како Детска амбасада се обративме до Претседателот на Република Македонија г-дин Ѓорге Иванов, до Премиерот на Република Македонија Г-дин Никола Груевски, до Националната комисија за правата на детето, и до Министерството за труд и социјална политика да ги потсетиме овие институции за препораките од Комитетот за права на децата донесени во Женева каде се вели:

Комитетот за правата на детето во Женева на својата педесет и четврта седница ги разгледа извештаите од државите членки по 44 член од Конвенцијата за правата на детето. Го разгледа вториот периодичен извештај на Република и усвои неколку препораки за белешки на својата 1514-та средна која с еодржана 11 јуни 2010 година. во своите препораки до Владата на Република Македонија во кои наведува:

„*Комитетот ја забележува 24-часовната бесплатна СОС-телефонска линија за деца и млади што ја води една невладина организација, но е загрижен дека таа нема долгорочна финансиска поддршка и за тоа дека е достапна само преку еден конкретен телефонски оператор и не е достапна преку мобилен телефон.*

***Комитетот препорачува државата-членка да осигури континуитет, вклучувајќи и со одделување соодветни средства, за бесплатна 24-часовна линија за помош.***

Првата детска амбасада во светот Меѓаши во своето обраќање ги замоли надлежните институции сериозно да ги земат предвид препораките на Комитетот за правата на детето и финансиски да го поддржат функционирањето на СОС телефонот за деца и млади и бесплатната правна служба**.**

## 9. Хармонизација на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 22 22 со европскиот шестоцифрен број за помош и подршка на деца и млади 116 111

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ја користи бесплатната СОС линија за деца и млади 0800 1 2222, која ја добивме како донација од страна на Македонски Телекомуникации во 2005 година. Но, оваа линија ни овозможува да примаме повици само од корисниците на фиксната телефонија на T-home.

СОС линијата како служба од јавен интерес, неопходно е да биде достапна за сите деца и млади и нивните родители, поради што Комитетот за правата на детето при Обединетите Нации од Женева, испрати препорака до Владата на Република Македонија за хармонизација на нашиот број со другите европски линии. Во својата препорака, Комитетот наведува:

*„Комитетот препорачува државата-членка да осигури континуитет, вклучувајќи и со одделување соодветни средства, за бесплатна 24-часовна линија за помош,* ***да го прошири нејзиниот капацитет за примање повици од сите телефонски оператори, да ѝ го додели на линијата усогласениот шестцифрен европски број*** *и да ја признае како извор на информации и податоци за политиките и законите за правата на детето и како алатка за рано интервенирање и спречување“*

Со цел соодветно да одговориме на препораките на Комитеот и да обезбедиме достапност на СОС телфонот за деца и млади за сите деца во Република Македонија, писмено се обративме до Агенцијата за електоронска комуникација каде што побаравме согласно член 15 од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија од 2009 година, користење на национален скратен број за услуги хармонизирани на европско ниво 116, односно 116 111. Сеуште сме во комуникација со Агенцијата електронски комуникации за постапката и текот на за добивање на овој број.

За текот и постапката за хармонизација на СОС бројот 0800 12222 со Европскиот шестоцифрен број 116 111 како и за начинот на спроведувањето на препораките кои Комитетот за правата на децата од Женева ги има упатено кон Република Македонија Првата детска амбасада во светот Меѓаши содветно ќе го информира самиот Комитет, преку извештајот за состојбата со правата на децата во Република Македонија кој Македонската коалиција за правата на децата чиј координатор е Правата детска амбасада во светот Меѓаши ќе го изготви како дел од Програмата за мониторирање на состојбата со правата на децата во Република Македонија.

## 10. Генерални препораки и заклучоци

Генерално во нашето општество постои потреба од дополнителна обука на наставниот, здравствениот, социјалниот и останатиот кадар кој работи со деца, со цел подигање на свесноста од сериозноста на последиците по детскиот развој од несоодветно и непрофесионалното извршување на дејноста која што ја обавуваат.
Првата детска амбасада во светот Меѓаши констатираше неможност на Центрите за социјална работа за утврдување на позитивна или негативна надлежност, што предизвикува неефикасност во нивното работење, немобилност како и долготрајност во решавање на случаи за кои треба веднаш да се реагира со цел да се заштити детето и неговите најдобри интереси.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши препорачува

- Државните институции и Центрите за Социјална работа да бидат побрзи во утврдување на надлежностите. Сметаме дека на ваков начин ќе се избегне закоченоста на административниот систем и избегнување на одговорноста за неефективното работење.
- Социјалната инспекција при Министерството за труд и социјална политика да има увид во работата на Центрите за социјална работа и да се казнувааат одговорните за неефектовното работење
- Владата на Република Македонија да ги обезбеди сите неопходни технички средства, како и човечки ресурси и стручен кадар за професинално и навремено извршување на работата.
- Да се врши селекција при вработување и да се распределуваат работните мести според стручноста.
- Редовни и обуки и работилници за вработените со цел да се професионално обучат веќе постоечките кадри.
- Нраодниот правобранител да ги детектира пропустите во заштита на децата и нивите права и да бара построги казни за сторитеплите и одговорност од институциите.

Од добиените статистички податоци доаѓаме до заклучок дека децата ретко имаат храброст да го пријават насилството, тие се исплашени и се чувствуват немоќно. Најчесто децата жртви се плашат да ги пријават своите родители бидејќи нивната иднина е неизвесна, сметаа дека подобро за нив е да бидат изложени на постојано насилство отколку да бидат жртви на институционална злоупотреба.

Децата е потребно да се чувствуват заштитено, разбрано и прифатено. неопходно е да се научат полесно да ги препознават своите чувства и да се охрабрат за зборуват за нив.

Родителите постојано треба да се во комуникација со своите деца тоа е единствениот начин да знаат што им е потребно и како се чувствуват, со цел подобро да функционираат да се избегнат сите непријатности.
Кога станува збор за деца кои се жртви на физичко психичко и сексуално насилство потребно е да се згрижат жртвите и да им се овозможи психо-социјална помош и подршка. Неопходно е насилникот да се ресоциојализира не само да се

отсрани, тоа е еден од начините со кој ќе се прекине кругот на насилство бидејќи насилство раѓа насилство и самиот насилник некогаш бил жртва на насилство.
Со цел намалување и превенција на агресијата и насилството потребна е сензибилизација на родителите (возрасните) и децата за начините на меѓусебна комуникација, стекнување на вештини за ненасилно решавање на конфликти, развивање на вештини за меѓусебна толеранција, емпатичност и воведување на мировно образование во училиштата.

**Им благодариме на сите кои ја поддржуваат работата на СОС телефонот за деца и млади и на многуте волонтери кои дежураат како СОС оператори доброволно дарувајќи дел од своето време за поддршка на децата.**